Уп. Бр. 08-148/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД, со седиште на адреса Батајнички друм бб, Србија, преку адвокат Андреа Лазаревска, од Скопје, на седницата одржана на ден 08.11.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД, со седиште на адреса Батајнички друм бб, Белград, Србија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Лајфмедик д.о.о. Белград (*Lifemedic d.o.o. Beograd*) со седиште на Вељко Дугошевиќ 27 А/1, Белград, Србија преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 10.10.2023 година, а дополнето на 18.10.2023 годинадо Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД, со седиште на адреса Батајнички друм бб,Белград Србија со која ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД, ќе стекне самостојан контрола над Лајфмедик д.о.о. Белград (*Lifemedic d.o.o. Beograd*) со седиште на Вељко Дугошевиќ 27 А/1, Белград, Србија преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната

и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД** е дел од бразилската групација НЦ. Основната дејност на ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД е производство на фармацевтски препарати, претежно лекови што се издаваат на рецепт.

Помал дел од асортиманот на ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД вклучува и производи кои може да се издаваат без лекарски рецепт, како и одредени производи наменети за употреба во професионалната стоматолошка пракса.

ГАЛЕНИКА А.Д. БЕЛГРАД има претставништво во Северна Македонија со регистрирано седиште на Булевар Кочо Рацин бр. 14, Скопје - Центар, како и друштвото Галеника ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Кочо Рацин бр. 14, Скопје - Центар .

Лајфмедик д.о.о. Белград се занимава со увоз и дистрибуција на природни препарати, односно додатоци во исхраната произведени од Фармалајф Рисрч Итали (*Pharmalife Research Italy*). Целното друштво е увозник и дистрибутер на препарати на овој производител за Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија.

Лајфмедик е српско-словенечка компанија регистрирана за вршење дејност трговија на големо со фармацевтски производи.

Лајфмедик се занимава со увоз и дистрибуција на природни препарати - додатоци во исхраната произведени од Фармалајф Рисрч Итали. Лајфмедик е увозник и дистрибутер на препарати на овој производител за Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија.

Лајфмедик нема претставништво или претпријатија-ќерки во Северна Македонија

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**